ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-933
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 03 - 1467/1
22.07. 2026 год
ОБЛЕШЕВО

ЈАВЕН ПОВИК

Општина Чешиново-Облешево ги повикува граѓаните кои имаат причинета материјална штета настаната како последица на силно невреме проследено со врнежи од дожд и силен ветер, кое го зафати подрачјето на Општина Чешиново-Облешево на ден 21.07.2026 година (вторник), да ја пријават штетата до Општинската комисија за процена на штети од елементарни непогоди.

Барањето за пријавување на штета пополнето со бараните податоци и документи се доставува до Архива на Општина Чешиново-Облешево на ул. Маршал Тито бр. 17 во Облешево, најдоцна до 31.07.2026 година, истите може да се подигна од Архива на општина Чешиново-Облешево или да се преземат од Општинската web страна https://cesinovo-oblesevo.gov.mk/.

Во Барањето потребно е да се опише настанатата штета и точната локација која се пријавува.

Во прилог на Барањето, подносителот треба да достави:

- Копија од лична карта/ копија од тековна сметка,
- Копија од трансакциска сметка,
- Доказ за сопственост/користење на недвижен имот (имотен лист, договор за закуп),
- Фотографии од настанатата штета,
- Пријава на штета,
- Изјава за штета,
- Изјава дека имотот не е осигуран.

Пријавувањето на штетите може да се изврши во рок од 7(седум) работни дена, односно најдоцна до 31.07.2026 година.

Барањата ќе бидат обработени од страна на Општина комисија за процена на штети од елементарни непогоди и ќе биде изготвен Првичен Извештај, кој ќе биде проследен до Советот на Општина Чешиново-Облешево и до Влада на Република Северна Македонија.

Барањата без комплетна документација, без телефон за контакт и во случај на неможност да се оствари контакт со барателот за процена нема да бидат предмет на процена

Општина Чешиново-Облешево
Општинска комисија за процена на штети
од елементарни непогоди